*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр.: 09-3838/1
02.11.2020

Врз основа на член 60 алинеја 11 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Македонија број 91/2008, 119/2010 и 23/2013), донесувам:

# ОДЛУКА

## за формирање на работна група за отвореност на законодавната власт и подготовка на Акциски план 2021-2023 за Партнерството за отворена власт

### Член 1

Со оваа одлука формирам работна група во Собранието за отвореност на законодавната власт и за подготовка на Акциски план 2021-2023 за Партнерството за отворена власт.

### Член 2

Работната група за отвореност на законодавната власт ќе го спроведе следново:

- Ќе подготви Акциски план 2021-2023 за Партнерството за отворена власт во соработка со сите страни вклучени во работната група и врз основа на пристапот за заедничко создавање на планот со организациите на граѓанското општество
- Работната група во изработката на Акцискиот план ќе ги има во предвид областите утврдени во консултациите од одржаните: вебинар од 25 август 2020 и е-конференцијата за ПОВ од 28 октомври 2020 година и тоа:
    - Собранието со отворен одговор и отворено опоравување од ковид 19 пандемијата
    - Подобрена ИКТ ифраструктура во Собранието
    - Учество на граѓани/отворен парламент

### Член 3

Работната група ќе го подготви и усвои Акцискиот план заклучно со Март 2021 година, и ќе одржува работни состаноци за остварување на оваа цел согласно потребите.

**Член 4**

Претседавач со работната група за законодавна отвореност и за подготовка на Акцискиот план 2021-2023 за Партнерството за отворена власт е претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Талат Џафери.

**Член 5**

Работната група е составена од следниве членови

1. Јован Митревски, координатор на пратеничката група на СДСМ
2. Никола Мицевски, координатор на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ
3. Изет Меџити, координатор на пратеничката група на ДУИ
4. Скендер Реџепи, координатор на пратеничката група на Алианса на Албанците и Алтернатива
5. Цветанка Иванова, Генерален секретар на Собранието
6. Мики Милковски, Заменик на генералниот секретар
7. Илир Селмани, кабинет на Претседателот на Собранието
8. Бојан Василевски, кабинет на Генералниот секретар на Собранието
9. Златко Атанасов, Парламентарен институт
10. Дејан Димитриевски, Парламентарен институт
11. Мане Нецев, Сектор за информатички технологии
12. Лидија Каракамчева, Сектор за меѓународна соработка
13. Елена Коцева, Законодавно-правен сектор
14. Маја Ермилова-Левкова, Сектор за работни тела
15. Јасмина Которчевиќ, Сектор за финансиски прашања
16. Даниела Велковска, Сектор на НСЕИ
17. Исмаил Хамити, Сектор за превод
18. Џемаљедин Неџипи, Одделение за внатрешна ревизија
19. Анита Огњановска, Одделение за човечки ресурси
20. Билјана Ивановска, Сектор за административни работи
21. Илмие Јашари, Сектор за седници
22. Гордана Гапиќ Димитровска, национален координатор при МИОА
23. Robert Scott Heaslet, Национален демократски институт
24. Едип Билал, Национален демократски институт
25. Мартин Тодевски, Центар за управување со промени
26. Ивона Сталевска, Фондација Отворено Општество
27. Дарко Црвенковски, Програма за развој на Обединети Нации
28. Дамир Незири, Вестминстер фондацијата за демократија
29. Rezart Mehmed, ОБСЕ
30. Живко Мицкоски, Граѓанска асоцијација Мост
31. Qendresa Sulejmani, Фондација Метаморфозис
32. Александар Кржаловски, Македонски центар за меѓународна соработка
33. Герман Филков, Центар за граѓански комунијации
34. Влора Речица, Институт за демократија Социетас цивилис
35. Александра Ѓоргиевска Јовевска, Институт за демократија Социетас цивилис
36. Кристина Колозова, Амбасада на Швајцарската конфедерација

**Член 6**

За координатор на Акцискиот план за отвореност се назначува Златко Атанасов, Раководител на Парламентарниот институт во Собранието.

**Член 7**

Собранието ќе го информира Министерството за информатичко општество и администрација за подготвениот и усвоениот Акциски план 2021-2023 кон Партнерството за отворена власт.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето и ќе биде доставена до сите членови на работната група.

**Претседател**
**на Собранието на Република Северна Македонија**
**m-r Talat Xhaferi**